ДОПОЛНИТЕЛНА СТРАНА ЗА ВИДОВИТЕ НА МАРКИ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

| Ред.бр. | ОПИС | Видови на марки на тутунски производи: | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) |
| 1 | 2 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| 1. | Почетна состојба на залихи | | | | | | |
| 2. | Увезени количини | | | | | | |
| 3. | Извезени количини | | | | | | |
| 4. | Продадени и испорачани количини на домашен пазар | | | | | | |
| 5. | Крајна состојба на залихи | | | | | | |

Дата ........ 20 ....

М.П

овластено лице

страна ______

**472.**

Врз основа на член 35 став 3 на Законот за тутун и тутунски производи („Сл.весник на Република Македонија" бр.24/06), министерот за економија донесува

# ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите за производство кои треба да ги исполнуваат производителите на тутунски производи во поглед на инсталирана опрема, лабораторија за анализа и контрола на квалитетот на тутунските производи и соодветен простор за сместување на тутун и тутунски производи.

Член 2

Просторот за производство на тутунски производи е единствена технолошка целина која содржи:

1. магацин за обработен тутун;
2. магацин за репроматеријали;
3. оддел за припрема на тутунот;
4. оддел за изработка и пакирање на цигарите;
5. магацин за готови производи;
6. лабораторија за анализа и контрола на квалитетот;
7. енергетска постројка.

Член 3

Магацин за обработен тутун наменет е за складирање на обработениот тутун во количини доволни за непречено одвивање на производството.

Во магацинот за обработен тутун не може да се складираат репроматеријалите.

Магацинот треба да биде изграден од цврст материјал во согласност со прописите за планирање и изградба на објекти.

Магацинот има еден или повеќе влезови за непречен пристап, како и манипулативен простор за истовар и утовар на тутунот и опрема за превземање и сортирање на тутунот по видови и класи на тутунот, односно уредно складирање на истиот.

Магацинот има хигиенски исправна вода, природно или вештачко осветлување и проветрување.

Член 4

Магацинот за репроматеријали е наменет за складирање на репроматеријалите во количини доволни за непречено одвивање на производството.

Член 5

Одделот за припрема на тутунот се состои од:

а) простор за припрема на мешавината;
б) технолошка линија за припрема на тутунот;
ц) складиште за режан тутун;
д) кујна за припрема на сосови и аромати.

Просторот за припрема на мешавината (прирачниот склад на обработен тутун) треба да задоволува еднодневно производство, а служи за редење и претходна контрола на тутунот пред негово упатување за преработка.

Просторот на технолошката линија за припрема на тутун и складиштето на режан тутун се климатизирани или термовентилирани.

Член 6

Технолошката линија за припрема на тутун се состои од:

- основна технолошка линија за припрема на тутун;
- технолошка линија за обработка на тутунско ребро;
- технолошка линија за обработка на тутун (берлеј).

Технолошката линија за припрема на тутунот по капацитет треба да ги задоволува најмалку дневните потреби на инсталираните линии во одделот за изработка и пакирање на цигарите.

Член 7

Основната технолошка линија за припрема на тутунот се состои од:

- уреди за континуирано и контролирано дозирање на тутунот во производниот процес;
- уреди за кондиционирање на тутунот со опрема за контрола и регулација на влагата и температурата на тутунот на излезот од уредите;
- уреди за издвојување на нетутунските примеси;
- уреди за додавање на адитиви со опрема за дозирање и контрола на дозирањето со адитиви-сосеви;
- најмалку два силоси за мешање;
- уреди за издвојување на метални предмети;
- машина за режење на тутун;
- уреди за сушење на тутунот со контролирано континуирано дозирање на тутунот и со опрема за регулација и контрола на влажноста на тутунот по сушењето;
- уреди со опрема за дозирање и контрола на дозирањето со адитиви-аромати, експандирани тутунски ребра и тутун од рециклирани цигари;
- уреди за полнење на тутун во силоси за режан тутун.

Член 8

Технолошката линија за обработка на тутунско ребро се состои од:

- простор за припрема на мешавина на тутунско ребро;
- уреди за континуирано дозирање на тутунското ребро во производниот процес;
- уреди за влажнење на тутунското ребро;
- најмалку два силоси за мешање и одлежување на тутунското ребро;
- уреди за валање на тутунското ребро;
- уреди за издвојување на метални предмети;
- машина за режење на тутунското ребро;
- уреди за експанзија на режаното тутунско ребро со направа за контролирано континуирано дозирање;
- уреди за сушење на експандираното тутунско ребро со опрема за контрола и регулација на излезната влага;
- уреди за издвојување на нережаното и неекспандираното тутунско ребро;
- силоси за одлагање на тутунското ребро до моментот на додавање во основната мешавина.

Член 9

Технолошката линија за обработка на тутун (берлеј) се состои од:

- простор за припрема на мешавината на тутун (берлеј);
- уреди за додавање на адитиви со опрема за дозирање и контрола на дозирањето;
- уреди за пржење и рекондиционирање на тутунот (берлејот) со опрема за подесување и контрола на температурата на пржење и излезната влага на тутунот (берлејот).

Член 10

Магацинот на режан тутун го чинат метални сандаци или силоси со капацитет од најмалку еднодневно производство, наменети за чување на припремениот тутун до моментот на негова употреба на линијата за изработка на цигари.

Температурата и влажноста на воздухот во магацинот на режан тутун треба да бидат контролирани.

Член 11

Кујната за припрема на сосеви и аромати треба да биде опремена со садови, мешалка за мешање и загревање на адитивите, уреди за дозирање на компонентите и контрола на температурата на сосеви и аромати.

Член 12

Одделот за изработка и пакирање на цигари е климатизиран простор опремен најмалку со една линија за изработка и пакирање на цигари.

Член 13

Линијата за изработка на цигари се состои од:

- машина за изработка на свиток на цигара;
- машина за апликација на филтерот;
- машина за собирање на цигарите (во случај на одвоена, посебна линија за израбока на цигари и линија на пакирање).

Член 14

На линијата за изработка на цигари треба да постојат контроли на:

- масата на цигарите;
- обемот на цигарите;
- наполнетоста на врвот на цигарата;
- присатност на филтерот;
- присатност на хартијата за писок
- оштетувањето на цигарите.

Член 15

Линијата за пакирање на цигарите се состои од:

- уреди за празнење на (во случај на одвоена, посебна линија за израбока на цигари и линија на пакирање);
- машина за формирање на пакетчиња;
- уреди за поставување на контролни маркици;
- машина за обвивање на паклиците, групирање на паклиците во штеки, формирање на штеки и обвивање.

Член 16

На линијата за пакирање на цигарите треба да постојат контроли на:

- присатноста на сите цигари во паклицата;
- тутунското полнење на врвот на цигарите;
- присатноста на филтерот;
- присатноста на внатрешната обвивка (алу-фолија или слично);
- присатноста на надворешната обвивка;
- присатноста на контролната маркица;
- присатноста на врпца за отварање на паклицата;
- присатноста на обвивен филм на паклицата;
- присатноста на обвивка на штеката;
- присатноста на сите паклици во штеката.

Член 17

Во склопот на енергетските постројки производителот на тутунски производи треба да обезбеди дотур на водена пареа и компримиран воздух.

Член 18

Магацинот на готови производи е наменет за складирање на доволни количини на готови производи заради правовремена дистрибуција на пазарот.

Во магацинот на готови производи исклучиво се складираат тутунски производи наменети за крајна потрошувачка.

Магацинот е изграден од цврст материјал во согласност со прописите за планирање и изградба на објекти.

Магацинот има еден или повеќе влезови за непречен пристап, како и манипулативен простор за истовар и утовар на тутунските производи и опрема за превземање и сортирање на тутунските производи по видови и марки на тутунски производи, односно уредно складирање на истите.

Магацинот има хигиенски исправна вода, природно или вештачко осветлување и проветрување.

Член 19

Лабораторијата за анализа и контрола на квалитетот на тутунски производи треба да има опрема за следење на физичките својства и главните состојки на чадот на цигарите и тоа:

а) за следење на физичките својства:

- сушилник (200 o Ц);
- мерач на дензитетот на тутун, односно тврдоста на цигарите и филтерот;
- прецизна вага (најмалку 2 децимални места);
- мерач на обемот на филтерот на цигарите;

б) за следење на главните состојки на чадот на цигарата:

- машина за пушење на цигарите по ИСО стандарди;
- уред за одредување на водата во сировиот кондензат на чад;
- уред за одредување на јаглероден оксид (CO) во сировиот кондензат на чад;

- аналитичка вага (најмалку 4 децимални места).

Доколку производителот не располага со опрема за следење на главните состојки на чадот на цигарите, може да ги обезбедува мерењата и пратењето на главните состојки на чадот во цигарата во акредитирана лабораторија по свој избор.

Член 20

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.10-660/5
8 март 2007 година
Скопје

Министер,
**Вера Рафајловска, с.р.**

---

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

473.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 28 февруари 2007 година, донесе

### ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за „Влае 1 урбан модул 5.2" бр.07-5042/2 од 16 октомври 2006 година, донесена од Советот на општина Карпош, објавена во „Службен гласник на општина Карпош" бр. 12 од 18 октомври 2006 година.

2. СЕ СТАВА НАДВОР ОД СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти и дејствија донесени, односно преземени врз основа на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива на Ѓорѓи Митевски од Скопје, со Решение У.бр.208/2006 од 27 декември 2006 година, поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот и Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр.51/2005).

5. Судот на седницата утврди дека Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Влае 1 УМ 5.2. Општина Карпош-Скопје бр.07-5042/2 од 16 октомври 2006 година, донесена од Советот на општина Карпош содржи 9 (девет) члена. Според член 1 од одлуката со оваа одлука се донесува Деталниот урбанистички план за Влае 1 УМ 5.2 Општина Карпош - Скопје.

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на планот, Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

Според член 2 од оваа одлука просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за Влае 1 УМ 5.2 општина Карпош - Скопје, е со површина на урбаниот опфат од П = 2,15 ха.

Овој локалитет е дефиниран со следните граници:

- на Југ - границата оди по осовината на ул. „Франц Прешерн" и по јужните ивици на КП 74,25 и 74,29,
- на Исток - границата оди по кејот на реката Вардар,
- на Север - границата оди по осовината на предвидениот бул. „Илинден" и
- на Запад - границата оди по осовината на ул. „Пролетерска".

Во член 3 се предвидува дека донесувањето на Деталниот урбанистички план за локалитет Влае 1 УМ 5.2 општина Карпош - Скопје, е изготвен во две фази:

- документациона основа за урбан опфат од 2,15 ха, и
- планиран развој за урбан опфат од 2,15 ха.

Подрачјето на опфатот претставува еден урбан модул и во истиот се дефинирани 27 урбанистички парцели.

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со намените на Генералниот урбанистички план на град Скопје од 2002 година.

Во рамките на планот се предвидени следните намени:

СК - семејни куќи - домување
ЗЗ - заштитно зеленило

Максималната висина на објектите (висина до горен венец) се определува од нивото на тротоар, односно сообраќајницата или пристапна патека и истата изнесува Н мах. 8,80 м., а на веќе изградените постојни семејни куќи се задржува Н мах 10.20 м.

Со Планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела (м2);
- регулациона линија;
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради;
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м2);
- процент на изграденост (%);
- максимална развиена површина на објект (м2);
- коефициент на искористеност (К);
-намена на објектот;
- максимална висина на објектот (до завршниот венец) од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека;
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

Според член 4 од одлуката Деталниот урбанистички план содржи: планиран развој со графички дел, а според член 5 од оваа одлука составен дел на оваа одлука се и текстуалниот дел, графичкиот приказ на планските решенија и билансните показатели за планскиот опфат.

Во член 6 се предвидува дека Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на општината Карпош и потпис на претседателот на Советот на општината.

Според член 7 од Одлуката Советот на општината, во рок од 30 дена од завршувањето на целосната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на Планот.

Според член 8 од Одлуката Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува во Секторот за урбанизам - Одделение за просторно и урбанистичко планирање на Општината.

Според член 9 оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Карпош".

6. Според член 8 став 1 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија, уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата се утврдени како едни од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Условите и начинот на системот на просторното и урбанистичкото планирање, видовите и содржината на плановите, изработувањето и постапката за донесување на плановите, спроведувањето на плановите и следењето на реализацијата на плановите, надзорот и други прашања од областа на просторното и урбанистичко планирање се уредени со Законот за просторно и урба-